**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Бр. 09-862/4
Од 18.04.2021 год.
Општина Петровец

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барање на Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга, поднесено под број 09-862/1 од 01.04.2022 година, врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија", бр. 32/20) го донесува следното :

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува Планска програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3-Викенд куќи на КП.Бр.782, К.О.Петровец, Општина Петровец, од инвеститор Енис Личина иницирана од Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга.

Образложение

Барателот Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга.поднесе барање за одобрување на Планска програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4.3-Викенд куќи на КП.Бр.782, К.О.Петровец, Општина Петровец, од инвеститор Енис Личина.
Со барањето ја приложи следната документација

1. Предлог Планска програма,
2. Барање за одобрување,
3. Полномошно,
4. Имотен лист,
5. Административна такса.

Комисијата за урбанизам на Општина Петровец формирана со Решение бр. 09-519 од 28.02.20221 година, по разгледување на доставената документација достави Мислење заведено под број 09-862/3 од 01.04.2022 година дека иницираната постапка за одобрување на ПП од Друштво за градежништво, трговија и услуги НИМАЕР ДООЕЛ Струга заведена под број 09-862/1 од 01.04.2022 година може да продолжи и биде одобрена .
Врз основа на Мислењето од стручната комисија а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на Р.Македонија", бр. 32/20) Градоначалникот на општина Петровец донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство Против ова Решение барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до Министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторо, со уплата од 250 ден административна такса.

Раководител на одд.
Лилјана Величковиќ,диа

Л. Величковиќ

Liljana Velichkovikj
Digitally signed by Liljana Velichkovikj
Date: 2022.04.18 10:31:14 +02'00'

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник
Борче Митевски дипл.есс

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ